# КОРИСТЕЊЕ И НЕ КОРИСТЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИБАВУВАЊЕ И РАЗМЕНА НА ДОКАЗИ И ПОДАТОЦИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ОД СТРАНА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ШТЕТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

## СЛУЧАЈ 3:

Г.Б. е лице под супсидијарна заштита, кое поднело барање за остварување на право на социјална заштита за себе и нејзините деца, а во прилог на барањето поднела и решение за продолжување на правото на супсидијарна заштита за сите лица. Сепак, ЦСР го отфрлил ова барање со решение во чие образложение се наведува дека мајката има поднесено изводи, за сите деца, на кои нема матичен број.

ЦСР не постапил во согласност со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност, согласно кој требал да се обрати до МВР – Секторот за азил и да ги прибави матичните броеви на децата. Во овој случај, МЗМП како правен застапник на овие лица ги прибавил матичните броеви од МВР – Секторот за азил за сите нив, кои заедно со други документи, што се потребни за остварување на правото на социјална парична помош, ги поднел во прилог на жалба преку ЦСР до МТСП против претходното негативно решение од ЦСР.

Во жалбата било наведено дека ЦСР треба да ги прибави матичните броеви по службена должност во согласност со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност. ЦСР ја прифати жалбата како ново барање за социјална парична помош и го призна правото на социјална парична помош на овие лица со ново решение.

## ПРЕПОРАКА:

Центрите за социјална работа треба повеќе да го користат Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност во интерес на корисниците на социјална парична помош, со цел да се оправда целта за која што е креиран овој закон, односно да се олесни пристапот до загарантираните права. Центрите за социјална работа треба да имаат предвид дека тие одлучуваат за права на лица (и семејства), кои припаѓаат на особено ранливи категории на лица кои живеат во земјата.